Архивски број: 04-110/5
Датум: 10-01-2025

Врз основа на член 11 и член 52 став (1) од Законот за административни службеници („Службен Весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен Весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 14/20, 215/21 и 99/22), државниот секретар на Министерството за социјална политика, демографија и млади донесе:

## ОДЛУКА
### за избор на кандидати за унапредување по интерен оглас број 03/2024

1. Административниот службеник **Моника Димчевска** се избира за извршител на работните задачи за работното место **УПР0101В01000 Советник за соработка со Совет на Европа**, Одделение за меѓународна соработка, Сектор за европска интеграција и меѓународна соработка

2. Унапредувањето на административниот службеник од точка 1 ќе се изврши по завршувањето на постапката и конечноста на одлуката.

**О б р а з л о ж е н и е**

На 26.12.2024 година, на веб страната на Министерството за социјална политика, демографија и млади и Агенцијата за администрација, беше објавен интерен оглас бр.03/2024 за унапредување на административни службеници на следните работни места:

1. **УПР0101В01000 Советник за соработка со Совет на Европа**, Одделение за меѓународна соработка, Сектор за европска интеграција и меѓународна соработка, 1 (еден) извршител

2. **УПР0101В03000 Соработник за имплементација**, Одделение за имплементација на ЕУ програми и фондови, Сектор за ЕУ програми и фондови, 1 (еден) извршител

Комисијата за селекција за унапредување на административни службеници, формирана од државниот секретар со решение бр.04-110/2 од 09.01.2025 година, спроведе административна селекција и согласно Записникот за административна


Министерство за труд и социјална политика на Република Северна Македонија
Ministria e Punës dhe Politikës Sociale e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Даме Груев" бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија
"Dame Gruev" nr. 14, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 106 212
www.mtsp.gov.mk

MQS
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-1129/0

селекција за интерен оглас бр.04-110/3 од 09.01.2025 година и Записникот од работата на Комисијата за селекција за унапредување на административни службеници заради спроведување на интервју бр.04-110/4 од 09.01.2025 година, подготви финална ранг листа на интервјуираните кандидати и предлог одлука за избор на прворангираниот кандидат, до државниот секретар на Министерството за социјална политика, демографија и млади.

За работното место под реден број 2. **УПР0101В03000 Соработник за имплементација**, Одделение за имплементација на ЕУ програми и фондови, Сектор за ЕУ програми и фондови, 1 (еден) извршител, не се врши избор поради тоа што при административна селекција беше констатирано дека ниту еден од пријавените кандидати не е уреден. Еден од кандидатите не го исполнува посебниот услов за работното место во делот Вид на образование, односно кандидатот има несоодветен вид на образование (дипл. професор по италијански јазик и книжевност). Вториот кандидат за работното место под реден број 2, не приложил сертификат за активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење поради што не ја помина фазата на административна селекција бидејќи не ги исполнува во целост условите утврдени во интерниот оглас.

Земајќи го предвид горенаведеното се одлучи како во диспозитивот.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука може да се поднесе жалба преку Министерството за социјална политика, демографија и млади до Агенцијата за администрација - Комисија за одлучување во втор степен по жалби и приговори на административните службеници во рок од 8 дена од денот на објавување на одлуката.
Жалбата не го одлага извршувањето на одлуката

**Државен секретар**
**Fatmir Sabriu**

Изработил: И.Кусакатска
Одобрил: А.К.Ангеловска


Министерство за труд и социјална политика на Република Северна Македонија
Ministria e Punës dhe Politikës Sociale e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Даме Груев“ бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија
"Dame Gruev" nr. 14, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 106 212
www.mtsp.gov.mk